**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5464/**

# З А П И С Н И К

**Од 228.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 29.09.2023 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова **(скајп)**,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска **(скајп),**Селпин Керим,м-р Јагнула Куновска **(скајп)** и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Слаѓана Миливојевиќ-Претеседател на Синдикална организација при МРТ, Јана Граматниковска-Одделение за човечки ресурси во МРТ и Емилија Николова Христовска-Раководител на Сектор за финансиско работење во МРТ. |

Седницата почна во 12.10 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 227.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Колективен договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.

3. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 227.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 227.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 227.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 227.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Колективен договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.**
Воведно излагање по оваа точка даде Емилија Николова Христовска раководител на Сектор за финансиско работење во МРТ која објасни дека согласно со измените на Законот на минимална плата, утврдена е висината на минималната бруто плата од март 2023 да изнесува 29.739,00 ден, односно висината на минималната нето плата изнесува 20.175 ден. Усогласувањето на платата се врши во март секоја година, а врз основа на законски утврдени параметри. Податокот за бруто минималната плата започнувајќи од март 2023 е објавен во Службен Весник на РСМ бр.58/2023.
Во ЈРП МРТ согласно важечкиот Колективен договор член 67, задолжително е усогласувањето со минималната нето плата.
Имено согласно член 67 од колективниот договор, новата пресметковната вредност на коефициент 1 изнесува 20.175 ден.
Средствата по основ на исплата на бруто плата за вработени се предвидени во финансискиот план на ЈРП МРТ за 2023г и за истите се обезбедени средства и не треба да се прави пренамена на средства.
Согласно систематизацијата на ЈРП МРТ во член 69 ст.2 од Колективниот договор се додаваат коефициенти за две работни места и тоа:

-Во средно оперативно ниво со реден број 27а -Стилист со коефициент 1,74

-Во високо оперативно ниво на работни задачи со реден број 26- Соработник советник со коефициент 2,18 во сите одделенија каде што има административни службеници.

Предходно Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа и даде согласност на Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги стави на гласање Измените и дополнувањата на Колективниот договор на ЈРП МРТ.

■**Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

По расправата по однос на оваа точка беа предложени два **Заклучоци:**
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да отпочне преговори со репрезентативниот синдикат-Синдикалната организација при МРТ за договарање на нов или пак продолжување на постојниот Колективен договор на МРТ.
● Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да подготви измена на Правилникот за ситематизација на работните места во МРТ во која работното место **Соработник советник** ќе биде вметнато во сите одделенија од правилникот.

-По спроведеното гласање Заклучоците беа едногласно **усвоени** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледан еден допис до Програмскиот совет на МРТ:
-Одлука за избор на програмски содржини со бр.02-5424/1 од 27.09.2023 година,

Седницата заврши во 13.50 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател